ОГЛАС ЗА ИЗБОР НА УЧЕСНИЦИ

Прогрес - Институт за социјална демократија и Социјалдемократска партија на Данска (СДП Данска) распишуваат

О Г Л А С

ЗА УЧЕСНИЦИ ВО МЕНТОРСКА ПРОГРАМА ЗА РАЗВОЈ И ЗАСТАПУВАЊЕ ЗА ЈАВНИ ПОЛИТИКИ

1. Опис на проектот:

Прогрес-Институт за социјална демократија во соработка со Социјалдемократската партија на Данска (СДП Данска) започнаа со спроведување на проект за зголемување на влијанието и зајакнување на активната улога на членовите на Социјалдемократската младина на Македонија (СДММ) во рамките на Социјалдемократскиот сојуз на Македонија (СДСМ) преку градење на нивните знаења и вештини за развој и застапување за јавни политики во рамките на партијата.

Основната цел на проектот е зајакнување на капацитетите на младите за креирање и застапување за јавни политики во рамките на партијата. Клучната активност во проектот е **Менторската програма за развој и застапување на јавни политики** во која избраните менторирани учесници ќе имаат можност во текот на една година да работат заедно со ментори на креирање на документи за јавни политики.

Менторската програма предидува индивидуални и групни менторски сесии, обука за знаења и вештини за креирање на документи за јавни политики, како и обука за застапување на креираните јавни политики.

Во рамките на проектот учесниците ќе бидат обучени за развој и застапување за јавни политики во следниве области:

- заштита на животната средина (праведна енергетска транзиција на локално ниво и пристапен достапен и еколошки одржлив јавен превоз).
- социоекономска положба на младите (политики за пристапно, достапно и безбедно домување и социјалдемократски демографски политики).
- родова еднаквост (сексуално и репродуктивно здравје на граѓани во социјален ризик и механизми за превенција и елиминација на родово базирано насилство на локално ниво).
- дигитализација (политики за намалување на дигиталниот јаз кај млади во социјален ризик и политики за транспарентност на институциите на локално ниво).
- образование (инклузивни образовни програми за толеранција и недискриминација и сеопфатно сексуално образование).

2. Услови за учество:

- членство во СДММ,
- интерес за стекнување на знаења и вештини за креирање и застапување за јавни политики
- интерес за некоја од наведените теми и области
- мотивација за активно учество за целото времетраење на проектот во текот на 2025 година и мотивација за понатамошна активност во развој и застапување за јавни политики.

3. Начин на пријавување:

Сите заинтересирани учесници треба најдоцна до **17.1.2025 година (петок)** да ја пополнат електронската пријава за учество која може да се најде на следниов линк, како и да ги прикачат следниве документи:

- кратка биографија со податоци за контакт и со најважните образовни и професионални постигнувања и
- мотивациско писмо во кое ќе го образложат интересот и претходното искуство за областа и темата за којашто се пријавуваат, евентуалното претходно искуство во развој и застапување за јавни политики и очекувањата од Менторската програма.

Избраните учесници ќе бидат известени преку електронска пошта до крајот на јануари 2025 година.